# Службен гласник

| Број 13 | 21.05.2018 година |
|---|---|

## на Општина Кавадарци

**С О Д Р Ж И Н А**

| | |
|---|---|
| Решение за објавување Одлуката за отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца- Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци во Општина Кавадарци, во новиот објект „Бубамара„ лоциран на ул„Браќа Миладинови„бр.9 во Кавадарци, Општина Кавадарци, во состав на Јавната општинска установа за деца- Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци во Општина Кавадарци; | |
| Одлуката за отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца- Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци во Општина Кавадарци, во новиот објект „Бубамара„ лоциран на ул„Браќа Миладинови„бр.9 во Кавадарци, Општина Кавадарци, во состав на Јавната општинска установа за деца- Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци во Општина Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Одлуката за давање на користење, одржување и управување на објектот „Бубамара„ на Јавната општинска установа за деца- Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци; | |
| Одлуката за давање на користење, одржување и управување на објектот „Бубамара„ на Јавната општинска установа за деца- Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци; | |
| | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за отпочнување со работа и вршење на дејноста на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци во Општина Кавадарци, во новиот објект„Бубамара„ лоциран на ул„Браќа Миладинови„бр.9 во Кавадарци, Општина Кавадарци, во состав на Јавната општинска установа за деца**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за отпочнување со работа и вршење на дејноста на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци во Општина Кавадарци, во новиот објект„Бубамара„ лоциран на ул„Браќа Миладинови„бр.9 во Кавадарци, Општина Кавадарци, во состав на Јавната општинска установа за деца, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.05.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци.

Бр.09-2950/1 — ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

21.05.2018 година — ГРАДОНАЧАЛНИК,

Кавадарци — М-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 член и 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/2002), член 132 став 1 , член 82 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), а во врска со член 102-а став3 од Законот за зашита на децата(„Сл.Весник на РМ„ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15,25/25, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18) Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 21.05.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца- Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци во Општина Кавадарци, во новиот објект „Бубамара„ лоциран на ул„Браќа Миладинови„бр.9 во Кавадарци, Општина Кавадарци, во состав на Јавната општинска установа за деца- Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци во Општина Кавадарци**

Член 1

Одлуката се донесува за отпочнување со работа и за вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца – Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци во општина Кавадарци, во новиот објект „Бубамара„ лоциран на ул „Браќа Миладинови„бр.9 во Кавадарци, Општина Кавадарци, во состав на Јавната општинска установа за деца- Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци во Општина Кавадарци.

Член 2

Во објектот ке се спроведува програма за рано учење и развој. Според времетраењето програмата ке се остварува во целодневен престој на децата. Згрижувањето и воспитанието на децата ке се реализира во 3 (три) групи од 2(две) до 6 (шест) годишна возраст, односно до вклучување во основно образование, за 75 деца.

Член 3

Називот на објектот е „Бубамара„ и се наоѓа во Кавадарци, Општина Кавадарци на ул„Браќа Миладинови„ бр.9 .

Член 4

Дејноста на детската градинка е :Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст која се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основното образование.

Член 5

За реализација на програмата за рано учење и развој ке се обезбеди кадар согласно Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Сл.Весник на РМ„ бр.28/14, 40/14, 136/14 и 71/15).

Член 6

Средствата за непречено и нормално функционирање, односно за вршење на дејноста на објектот ке се обезбедат од Буџетот на Општина Кавадарци, од Буџетот на Република Македонија преку

блок дотации, од надоместокот на корисниците на услугата, донации и други извори на финансисрање согласно закон.

Член 7

Општина Кавадарци како основач на Јавната општинска установа за деца – Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци во Општина Кавадарци ке ги превземе сите потребни активности утврдени во законските и подзаконските акти, со цел добивање на решение од Министерството за труд и социјална политика за отпочнување со работа на новиот објект.

Член 8

Директорот на ЈОУДГ„ Рада Поцева„ Општина Кавадарци се обврзува да ги превземе сите потребни активности, согласно законските и подзаконските акти, со цел усогласување на актите на градинката, поради отпочнување со работа на новиот објект.

Член 9

Оодлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр. 08-2874/1**
**21.05.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе ,

## РЕШЕНИЕ

### за објавување на Одлуката за давање на користење, одржување и управување на објектот„Бубамара„ на ЈОУДГ„„Рада Поцева„ Кавадарци

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање на користење, одржување и управување на објектот„Бубамара„ на ЈОУДГ„„Рада Поцева„ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.05.2018 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци.

| | |
|---|---|
| Бр.09-2950/2 | ОПШТИНА КАВАДАРЦИ |
| **21.05.2018 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,** |
| **Кавадарци** | **М-р Митко Јанчев** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/2002), , член 132 став 1, член 82 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 21.05.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на користење, одржување и управување на објектот „Бубамара„ на Јавната општинска установа за деца- Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува давањето на користење, одржување и управување на објектот„Бубамара„ на Јавната општинска установа за деца – Детска Градинка „Рада Поцева„ во Кавадарци општина Кавадарци, како и други прашања во врска со функционирањето на објектот .

**Член 2**

Објектот„Бубамара„ во Општина Кавадарци е изграден со средства од Буџетот на општина Кавадарци, Министерството за труд и социјална политика Скопје, ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци, а опремувањето е извршено со средства на Министерството за труд и социјална политика Скопје.

**Член 3**

Објектот „Бубамара„ во Општина Кавадарци , ке го користи, одржува и управува Јавната општинска установа за деца – Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци во Кавадарци.

Јавната општинска установа за деца – Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци во Општина Кавадарци е должна при користењето, одржувањето и управувањето со објектот да постапува согласно законските прописи.

За предавањето на објектот и опремата во истиот на општинска установа за деца – Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци, Општина Кавадарци , ке се состави записник.

Член 4

Јавната општинска установа за деца – Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци во Општина Кавадарци, не може објектот да го дава под закуп и на користење на друго физичко или правно лице и да го става под хипотека.

Член 5

Директорот на Јавната општинска установа за деца – Детска Градинка „Рада Поцева„ Кавадарци Општина Кавадарци, се обврзува да ги превземе сите потребни активности согласно законските прописи со цел отпочнување со работа на објекот.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр. 08-2874/2**
**21.05.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**